# „Редовно извршувајте аџилак и умра – бидејќи тие ја отстрануваат сиромаштијата и гревовите, како што ковачкиот оган ја чисти нечистотијата од железото, златото и среброто. А за примениот аџилак нема друга награда освен Џенет.“

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Редовно извршувајте аџилак и умра – бидејќи тие ја отстрануваат сиромаштијата и гревовите, како што ковачкиот оган ја чисти нечистотијата од железото, златото и среброто. А за примениот аџилак нема друга награда освен Џенет.“
[صحيح] [رواه الترمذي والنسائي وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè поттикнува да бидеме истрајни во извршувањето на аџилакот и умрата – секогаш кога сме во можност – затоа што тие се причина за отстранување и на сиромаштијата и на гревовите, слично како што огнот раздуван од ковачки мев ги прочистува металите од нечистотија и примеси.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65627